Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-165/7
12-05-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-165/1 од 13.2.2023 година поднесена од [redacted] од Кочани, против [redacted] СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани, [redacted] за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.5.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи сторена од страна на [redacted] СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани, [redacted] врз [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-165/1 од 13.2.2023 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна [redacted] СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани.

Согласно наводите од претставката, подносителот бил вработен во СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани, на работно место професор по електро група на предмети, со договор за работа склучен на определено време од 1.9.2021 до 31.8.2022 година. На ова работно место бил, како што наведува, сè до промената на власт на локално ниво, кога настанала и промена во раководството на училиштето, односно бил назначен нов директор. Имено, директорот непосредно по стапувањето на должност, донел Решение за престанување на важењето на договорот за работа склучен на определено време, заведено под бр. 04-725/1 од 16.12.2021 година. Подносителот на претставката поднел приговор против ова решение, по што била донесена Одлука на училишниот одбор за отфрлање на приговорот, заведена под бр. 02-756/2 од 28.12.2021 година.

Понатаму тој повел и судски спор пред Основниот суд во Кочани, каде со тужбата барал да се утврди ништовност на донесеното решение и повторно да биде вратен на работното место на коешто работел. Основниот суд Кочани донел пресуда Ро.бр.1/22 од 20.4.2022 година, која пак е потврдена со пресуда РОЖ-179/22 на Апелациониот суд Штип. Со ова, првостепената пресуда станала правосилна на 16.8.2022 година, а извршна на 6.10.2022 година. Со пресудата, се бара да се утврди дека решението донесено од страна на директорот, заедно со одлуката од Училишниот одбор се ништовни, со задолжение повторно да биде вратен на работното место. Меѓутоа, имајќи предвид дека договорот за вработување бил на определено време и истиот истекол, подносителот не можел да бара извршување на пресудата во тој дел, односно не можел да бара да биде повторно вратен на работа.

Имајќи го предвид наведеното, тој сепак повел судски спор за надомест на штета како резултат на незаконски престанок на работен однос, со барање од страна на училиштето да му бидат исплатени платите и придонесите од плати за периодот за којшто неосновано му бил прекинат работниот однос. Во врска со овој спор, подносителот истакнува дека на два наврати од директорот на училиштето му било предочено дека нема да биде повторно примен на работа, токму поради фактот што води судски спорови против училиштето.

Како невработено лице и активен барател на работа, тој редовно месечно се пријавувал во Агенцијата за вработување. Во два наврати, по СМС пораки бил информиран да се јави во Центарот за вработување Кочани кај службеничката [redacted] заради можно вработување, и тоа првиот пат на 22.9.2022 година во 10 часот, а вториот пат на 4.10.2022 година во 10 часот. Во двата случаи станувало збор за посредување и можност за вработување во истото училиште во кое работел претходно, за работно место професор по електро група предмети. Откако се јавил во наведените термини кај службеничката и уредно го забележал неговото присуство со потпис, бил упатуван да се јави во самото училиште, кај директорот како негов претставник. Почитувајќи го укажаното, тој се упатил кон училиштето. Првиот пат, своето присуство го забележал на два листа хартија, од кои едниот бил список на сите кандидати при тоа посредување, а другиот се однесувал само на него каде тој дава согласност дека прифаќа да биде примен на работното место. Вториот пат, пак, тој бил единствениот на списокот на кандидати и повторно потпишал дека го прифаќа работното место. Напоменува дека во двата наврати од страна на директорот му било посочувано дека нема да биде примен на работното место, а причината за тоа била што го има тужено училиштето. Исто така му било кажано дека, иако посредуван од Центарот за вработување, нема зошто да доаѓа. Во двата наврати не бил известен кој кандидат бил примен, ниту пак зошто тој не е примен. Поради тоа што не му била доставена никаква одлука, истото не можел ни да го оспорува.

Последно, подносителот смета дека со наведените дејствија од страна на директорот му била извршена директна дискриминација, по основ на тоа што има водено и сè уште води судски спор против училиштето.

Во прилог на претставката како доказ беше приложена следнава документација:

1. Тужба преку полномошник адвокат [redacted] до Основен суд Кочани од 10.1.2022 година
2. Пресуда РО.бр.1-22 на Основен суд Кочани од 20.4.2022 година
3. Пресуда РОЖ 179/22 на Апелационен суд Штип од 16.8.2022 година
4. Полномошно на адвокат [redacted] поведување на нов спор
5. Барање за вештачење од адвокат [redacted] до вешто лице [redacted]
6. СМС пораки од центар за вработување Кочани

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.12.2022 година испрати Известување бр. 08-639/2 за произнесување по наводите од претставката до СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани.

На ден 2.3.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани како одговор на претставката. Од училиштето најпрво наведуваат дека со Пресуда на Основен суд Кочани Ро бр.1/22 од 20.4.2022 година, тужбата на [redacted] била во целост усвоена, со што се утврдило ништовност на Решението за отказ како незаконито, поради тоа што не постоел правен основ врз основа на кој истото било донесено. Со пресудата, училиштето било задолжено да го врати подносителот на претставката на работа, односно на работното место наставник по електро група предмети 20 наставни часа или 40 работни часа неделно работно време, да му ги исплати платите и придонесите за периодот додека тој бил отстранет од работното место, како и да му ги надомести трошоците во постапката.

Понатаму, со Пресуда на Апелационен суд Штип РОЖ-179/22, Пресудата на Основен суд Кочани од 20.4.2022 година, во делот кој се однесува на исплата на платите и придонесите за периодот додека тужителот бил отстранет од работното место, била укината и се вратила на повторно одлучување,

додека во останатиот дел пресудата била потврдена. Во повторна постапка, Основниот суд во Кочани донел Пресуда РО-220/22 од 8.2.2023 година со која тужбеното барање на [redacted] со кое бара СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани да му ги исплати платите и придонесите за периодот додека бил отстранет од работното место, се одбива. Како причина поради кои е одбиено тужбеното барање, во пресудата било наведено дека постапката за надомест на штета поради незаконит отказ не може да се спои со постапката за тужбеното барање за поништување на одлуки поради незаконит престанок на работниот однос. Исто така било наведено дека тужбеното барање во делот за надомест на штета е нејасен и неизвршлив од причина што не е наведен периодот за кој се однесува тужбеното барање, ниту пак се наведуваат побаруваните износи на име на плата и придонеси. Од училиштето наведуваат дека тоа било пропуст на тужителот затоа што со една тужба истакнал две тужбени барања, како и поради тоа што по однос на тужбеното барање за надомест на штета не ја прецизирал штетата.

Врз основа на наведеното, од училиштето велат дека тоа што подносителот на претставката трпи штета од ваквата ситуација не е по вина на директорот на училиштето, туку поради преурането поднесената тужба за надомест на штета поради незаконит отказ, како и поради тоа што со тужбата не се приложени докази заради утврдување на висината на тужбеното барање. Истовремено, истакнуваат дека СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани не е во можност да го врати подносителот на претставката на работа поради тоа што постапката завршила по датумот 31.8.2022 година, до кој датум бил во важност договорот за вработување. Сметаат дека ова не го става подносителот во понеповолна положба, ниту дека би можело да се констатира дека е дискриминиран.

Поради нецелосен одговор на наводите од претставката, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба и мериторно одлучување по предметот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 27.3.2023 година испрати Барање за информации до СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани. Со барањето, Комисијата побара од училиштето да се произнесат по наводите во вториот дел од претставката кои се однесуваат на наводното одбивање на подносителот на претставката за негово повторно вработување во училиштето. Воедно, беше побарано да достават информација дали во учебната 2022/2023 година бил распишан оглас за професор по електро група предмети и доколку да, дали подносителот на претставката конкурирал на истиот, како и информации околу направениот избор на професор и критериумите за избор. Иако барањето, согласно поштенската повратница, е уредно доставено до училиштето на 4.4.2023 година, до моментот на изготвување на ова мислење сè уште не беше пристигнат никаков одговор.

На ден 5.5.2023 година, согласно член 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, членот на Комисијата Лимко Бејзароски изврши непосреден увид во просториите на СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани. Увидот започна во 11 часот и на него присуствуваа: директорот на СОУ ,,Гошо Викентиев" – [redacted] неговиот полномошник адвокат [redacted] и секретарката на училиштето.

Увидот започна со воведување на директорот во содржината на самата претставка, иако истата беше доставена во прилог на Известувањето за произнесување од 14.2.2023 година. Дополнително, беше образложено дека потребата од увид се појавила поради фактот што СОУ ,,Гошо Викентиев" не се изјаснило по дополнителното барање за доставување информации заведено под бр. 08 – 165/4, а кои информации се клучни за утврдување на фактичката состојба. Со оглед дека тврдењата на подносителот на претставката се спротивни на наводите изнесени во произнесувањето на СОУ ,,Гошо Викентиев", членот на Комисијата побара одговор на неколку прашања поврзани со предметот.

На почеток, неспорно беше дека во однос на решението за престанок на договорот за вработување на определено време склучен помеѓу подносителот на претставката и СОУ ,,Гошо Викентиев"-Кочани, е донесена правосилна судска пресуда од страна на Основен суд Кочани бр. РО-1/22, потврдена со пресуда РОЖ-179/22 на Апелациониот суд во Штип. Оттука, беше појаснето дека барањето за дополнителни информации, кое не беше одговорено од страна на СОУ ,,Гошо Викентиев"-Кочани, се однесуваше на наводите од вториот дел од претставката, кои пак се однесуваат на наводното одбивање на подносителот за повторно вработување во училиштето за учебната 2022/2023 година. Во таа насока, директорот на училиштето и неговиот адвокат, сметале дека целосно со произнеле во првичниот одговор од нивна страна, па затоа не доставиле одговор на дополнителното барање за информации.

Во однос на прашањето од членот на Комисијата Лимко Бејзароски дали бил распишан јавен оглас за професор по електро група предмети, и дали подносителот на претставката – [redacted] конкурирал на истиот, директорот и секретарката на СОУ ,,Гошо Викентиев" потврдија дека постоел јавен оглас, меѓутоа [redacted] не конкурирал. Како докази беа приложени покана за седница и копија од записник на седница на Училишниот одбор за избор на наставник одржана на 7.9.2022 година, на кој во листата на кандидати не стои името на [redacted]

Членот на Комисијата понатаму побара директорот да се произнесе по наводите согласно кои, подносителот [redacted] два пати бил повикан во Центарот за вработување, по што му било укажано да се јави во СОУ ,,Гошо Викентиев", каде го евидентирал своето присуство и при извршен разговор со директорот [redacted] во два наврати му било кажано дека нема да биде примен на работното место од причина што го имал тужено средното училиште. Во однос на ваквите тврдења на подносителот, и директорот и секретарката тврдеа дека [redacted] не се појавил во училиштето за евентуално посредување, ниту пак го евидентирал неговото присуство на 22.9.2022 и на 4.10.2022 како што тој истакнува во претставката и следствено на тоа, не бил извршен никаков разговор помеѓу подносителот на претставката и директорот на училиштето. На прашањето кое се однесуваше на посредувањето, секретарката одговори потврдно, образложувајќи дека посредувале со Центарот за вработување на овој начин и во минатото, но само за итни и неодложни вработувања до 3 месеци.

Со цел да се прибават потребните докази, од секретарката беше побарано да приложи копии од документите каде се заведени кандидатите кои се пријавиле за посредување за работното место професор по електро група предмети, како и листа каде истите го евидентирале своето присуство. Секретарката одговори дека во училиштето не водат таква евиденција со списоци за присуство, како и дека немаат обврска да ги чуваат поканите испратени од Центарот за вработување, па поради тоа ја упати Комисијата истите евиденции, доколку се потребни, да ги побара од Центарот за вработување- Кочани.

Адвокатот, прекинувајќи го веќе воспоставениот тек на увидот, побара да му биде образложено како и врз кој основ Комисијата утврдила дека има дискриминација со цел за да го префрли товарот на докажување на лицето против кое е поднесена претставката. Од страна на членот на Комисијата му беше одговорено дека сè уште не е утврдено постоење на дискриминација и дека самиот увид се извршува токму со цел да се прибават дополнителни информации и докази од страна на СОУ ,,Гошо Викентиев". Адвокатот пристапи и со обвиненија дека ваквиот ненајавен увид има политичка позадина, како и дека ваквото постапување на Комисијата ќе било изнесено во медиуми.

Оттука, како што беше укажано, членот на Комисијата се упати во архивата на Центарот за вработување – Кочани, каде беше извршена средба со службеничката [redacted] која го водела посредувањето помеѓу Центарот и училиштето за конкретното вработување. Присутна беше

и раководителката на секторот. По упатеното усно барање да се изврши увид во евиденцијата која е архивирана во Центарот, а која е во врска со посредувањето за вработување од 22.9.2022 и 4.10.2022 година, од страна на службеничката беше одговорено дека Центарот за вработување не држи интервјуа со кандидатите за работно место во СОУ ,,Гошо Викентиев" и истакна дека поканите на кои со потпис се евидентираат кандидатите и даваат изјава дека доколку бидат примени на работната позиција, прифаќаат да бидат вработени на истата, се потпишуваат во училиштето, каде што и се извршува самото интервјуирање на кандидати и следствено, нивен избор.

Оттука, службеничката [redacted] воочи дека во конкретниот случај, СОУ ,,Гошо Викентиев" ги пратило поканите назад до Центарот за вработување, со што беше увидено дека во евиденцијата од училиштето има две покани за подносителот на претставката, уредно потпишани на ден 22.9.2022 и 4.10.2022 година, како и листи со кандидати за работната позиција професор по електро група предмети, кои биле пријавени на посредувањето.

По извршената средба во Центарот за вработување, Комисијата продолжи со увидот во СОУ ,,Гошо Викентиев", по што од секретарката беше побарано да се направи увид во списите во архивата од деновите кога подносителот [redacted] е евидентиран како присутен во поканите кои се архивирани во Центарот за вработување. Во архивата на средното училиште нема копија, ниту оригинал од потпишаните покани, а секретарката приложи само листи на кандидати кои биле испратени од страна на Центарот за вработување, а на кои [redacted] е наведен како кандидат.

На крајот на увидот, членот на Комисијата Лимко Бејзароски констатира дека изјавите помеѓу подносителот и вработените во СОУ ,,Гошо Викентиев" се спротивни и дека Комисијата ќе продолжи да го истражува предметот со цел да ја утврди фактичката состојба.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и доставените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди дека била сторена дискриминација од страна на директорот на СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани врз [redacted]

Имено, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** гласи:

*„ Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде доволно факти и околности кои упатуваат на сторена дискриминација врз некоја дискриминаторска основа, врз која основа било повредено право на подносителот на претставката. Имено, во врска со незаконското отпуштање од работа на подносителот постои правосилна судска пресуда и тоа Комисијата несомнено го констатираше. Меѓутоа, останаа непотврдени наводите на подносителот поврзани со неговото одбивање за работното место наставник по електро група предмети за новата учебна 2022/2023 година, за кое работно место бил посредуван од страна на Центарот за вработување- Кочани. Поконкретно, не постоеја доволно докази со кои би се потврдило дека подносителот бил дискриминиран од страна на директорот на училиштето при изборот на кандидат за наведеното работно место. Дополнително, за истото работно место бил распишан јавен оглас на кој


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

подносителот имал можност да конкурира, но видно од Записникот на Училишниот одбор, тој не го сторил тоа.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и не утврди дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на СОУ „Гошо Викентиев"- Кочани врз [redacted]

Скопје
11.5.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- СОУ „Гошо Викентиев", ул. Тодосие Паунов бр. 111, 2300 Кочани